2025

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ



ГД Гранит АД Скопје

# Содржина




**1. СОСТАВ, РАБОТА И ЕВАЛУАЦИЈА НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР ВО 2025**

1.1 Состав на Надзорниот одбор ____ 03

1.2 Работа на Надзорниот Одбор ____ 04

1.3 Работа на Надзорниот одбор и соработката со Управниот одбор ____ 06

1.4 Евалуација на Надзорниот одбор ____ 07

**НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО**

2.1. Разгледување на квартални извештаи од работењето на Друштвото ____ 11

2.2. Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје ____ 11

2.3. Ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година ____ 12

2.4. Разгледување на преодни задачи за работа во 2026 година ____ 12

**3. СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** ____ 13

**4. ЕВАЛУАЦИЈА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ** ____ 14

**5. ПРЕПОРАКИ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ** ____ 15

**6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА** ____ 16

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.1 Состав на Надзорниот одбор

Согласно Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор е составен од три (3) члена, кои, врз основа на своите професионални и стручни компетенции, како и релевантно искуство и експертиза, обезбедуваат ефективен надзор и контрола над управувањето на Друштвото. Во рамките на своите надлежности, Надзорниот одбор континуирано ја следи усогласеноста на Друштвото со важечката законска регулатива и Кодексот за корпоративно управување, како и придонесува кон дефинирање на стратешките насоки преку својата експертиза и искуство.

На Собранието на акционери одржано во 2025 година, беше избран нов член на Надзорниот одбор, поради поднесената оставка од страна на независниот член Горан Марковски. На истото Собрание, за нов независен член беше избран проф. д-р Александар Стојков. Пред поднесувањето на неговата кандидатура на одобрување од страна на акционерите, Надзорниот одбор утврди дека кандидатот ги исполнува сите услови пропишани со важечката законска регулатива и Кодексот за корпоративно управување, како и дека соодветно се вклопува во потребниот профил на одборот.

Сите членови на Надзорниот одбор ги исполнуваат критериумите за независност утврдени со Кодексот за корпоративно управување и поседуваат соодветни квалификации и интегритет за донесување на стратешки, објективни и етички одлуки, во согласност со политиките и интересите на Друштвото.

Членовите на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје со мандат до 11.05.2026 година, се:

**Ивана Милковска Симева**

Дипломиран инженер архитект - Претседател на Надзорниот одбор

**Виолета Божиноска**

Дипломиран правник - Член на Надзорен одбор

**Горан Марковски**

Магистер по економија - Независен член и заменик Претседател на Надзорниот одбор до Мај 2025

**Александар Стојков**

Професор Д-р по економски науки - -Независен член и заменик Претседател на Надзорниот одбор од Јуни 2025

Составот на Надзорниот Одбор овозможува еднаква застапеностна жените, односно 2/3 од членовите на Надзорниот Одбор се жени.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.2 Работа на Надзорниот одбор

Во текот на 2025 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, во рамките на надлежностите дадени со Законот за трговски друштва, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска Берза, Статутот на Друштвото, Кодексот за Корпоративно Управување на Друштвото, Деловникот на Надзорниот Одбор на Друштвото и другите интерни акти на Друштвото, вршеше континуиран и стручен надзор над работењето на Друштвото и му даваше стратешки насоки, го надгледуваше работењето на Управниот Одбор на Друштвото, ги проверуваше книгите и документите на Друштвото и активно учествуваше во прегледот на кварталните и годишните финансиски извештаи.

Во вршењето на обврските, Надзорниот Одбор, особено посветуваше внимание на движењето на финансиските показатели, профитабилноста и ликвидноста на Друштвото, состојбата на имотот, благајната, хартиите од вредност и стоките и се грижеше за спроведување на деловната политика усвоена од Собранието на Друштвото, континуирано управување со ризиците во работењето на Друштвото, притоа водејќи сметка за интересите на акционерите и другите засегнати лица. Надзорниот Одбор редовно ја следеше состојбата во градежништвото, општите состојби во стопанството и сите прашања кои влијаат врз работењето на Друштвото.

Согласно тоа, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје:

-Го надгледуваше и вршеше надзор над работењето на Друштвото и примената на донесените акти од страна на Управниот Одбор на Друштвото;
- Спроведуваше увид и проверка во книгите на Друштвото;
- Активно учествуваше во прегледот на кварталните и годишните финансиски извештаи, притоа ценејќи ја точноста и доследноста на истите;
- Ја надгледуваше имплементацијата на стратешките политики на Друштвото;
-Во соработка со Управниот одбор ги следеше проектите и активностите за нивно успешно реализирање;
- Ја следеше усогласеноста на работењето на Друштвото со позитивното право на Република Северна Македонија;
- Делуваше во насока на заштита на интересите на сите акционери и другите засегнати лица;
- Носеше одлуки и даваше препораки, во рамки на потребите на Друштвото, а во рамките на своите надлежности.

Во текот на 2025 година, Надзорниот Одбор одржа 6 редовни седници на кои заседаваше и одлучуваше во полн состав, а на истите усвои 31 Одлука и 4 Заклучоци. Посебни комисии и одбори не беа формирани, имајќи го во вид составот и професиите на членовите на Надзорниот одбор кој успешно ги изврши сите функции за контрола и надзор предвидени со Закон.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.2 Работа на Надзорниот одбор

Членовите на Надзорниот Одбор во 2025 година, колективно и секој поединечно, работеа во насока на исполнување на законските обврски, со што придонесоа за успешен деловен континуитет и стабилно корпоративно управување, преку:

-Следење и разгледување на ликвидноста, економско-финансиската состојба на Друштвото и донесување соодветни одлуки за ефикасна искористеност на средствата;
-Давање насоки за развој и унапредување на работењето на Друштвото;
-Давање насоки за усогласување со измените во законската регулатива која е од доменот на надлежностите на Надзорниот Одбор;
-Следење и давање насоки за усогласување со Кодексот за корпоративно управување усвоен од Македонската берза за хартии од вредност;
-Разгледување информации доставени од Управниот Одбор на Друштвото. -Разгледување на полугодишниот и Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2025 година
-Разгледување на Извештајот од независниот ревизор за работењето на Друштвото во 2025 година

Преку сите овие извештаи беше следена состојба особено во финансиското и оперативното управување на Друштвото. Со потврдата за успешно спроведените ревизии внатрешна и надворешна, беше констатирано дека податоците презентирани во извешатите се конзистентни со годишната сметка. Согласно извршените ревизии, внатрешна и надворешна, донесени се одлуки за нивно усвојување на наводите во извешатите и истите се дискутирани со раководните лица на Друштвото. И во 2026 година, Надзорниот Одбор преку доследен надзор, стратегиско планирање и адаптација на нови текови, ќе продолжи да игра клучна улога во насочувањето и контролирањето на напредокот на Друштвото.

Имплементирањето на најдобрите меѓународни практики од полето на корпоративното управување, останува во центарот на фокусот на Надзорниот Одбор и во 2026 година, а со цел заштита на интересите и остварување на правата на акционерите, инвеститорите, клиентите, добавувачите, вработените и другите засегнати страни, како и континуираното надградување на стратешките приоритети на Друштвото.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.3 Работа на Надзорниот одбор и соработката со Управниот одбор

Друштвото има воспоставено систем на корпоративно управување кој се заснова како на законските регулативи, така и на најновите меѓународни практики, што особено е видливо од континуираната и блиска соработка помеѓу Надзорниот и Управниот Одбор на Друштвото.

Соработката и континуираната комуникација помеѓу Надзорниот и Управниот Одбор се од клучно значење за обезбедување на успешно работење на Друштвото, па Управниот Одбор редовно го известуваше Надзорниот Одбор за тековните резултати од работењето на Друштвото.

За тие потреби Надзорниот Одбор редовно на седниците покануваше член на Управниот одбор со цел подетално да се образложат сите резултати од финансискиото работење и предизвиците и стратегијата во донесувањето на управувачките одлуки. На седниците се расправаше за тековните активности на Проектите на Друштвото, состојбите за проблематични наплати при што директно ги следеше и даваше стратешки насоки за управување со ризиците. Преку системот на заедничка контрола и следење на активностите успешно се реализираа управувачките аспекти на Друштвото во остварувањето на позитивни резултати. Во согласност со Кодексот за корпоративо управување на котираните друштва на Македонската берза, Надзорниот одбор редовно ги разгледуваше и расправаше за доставените Извештаи од Управниот одбор по однос на работењето и резултатите од работењето на Друштвото за 2025 година.

Сите одлуки на Управниот одбор кои се однесуваа на работењето на Друштвото и беа предложни до Собранието на Друштвото беа дадени на разгледување и одобрување до Надзорниот одбор кој даде свое одобрување.

Надзорниот одбор врз основа на Извештаите од Управниот одбор и нивните образложенија на самите седници, позитивно ја оценува соработката која ја остварува со Управниот одбор со цел изградување на заеднички ставови во насока на остварување на плановите на друштвото и успешен развој. До Надзорниот Одбор беа доставени сите потребни документи и акти, согласно позитивните законски прописи и тековно утврдените потреби на Друштвото.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.4 Евалуација на Надзорниот одбор

Составот на Надзорниот одбор е значаен за успехот на компанијата и од таа причина покрај тоа што истиот треба да биде составен од квалификувани членови со различни експертизи, кои во рамките на своите овластувања можат да носат информирани, стратешки и етички одлуки. Согласно одредбата 2.25 од Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва на Македонска Берза, потребно е да извршат и евалуација на своето работење.

Евалуацијата има за цел да ја процени и оцени ангажираноста, составот, потенцијалниот судир на интереси на сите членови поединечно, при што оцени како што следи:

1. Ивана Милковска Симева – Претседател на Надзорен Одбор
Ивана Милковска Симева е дипломиран инженер архитект, која повеќе од една деценија успешно ја извршува функцијата на Заменик Генерален Директор во Друштвото.

Своето работење во Гранит го започнува во комерцијалниот сектор, за понатаму да ја извршува функцијата на Советник и Помошник Генерален Директор, што претставува клучен фактор за нејзините широки познавања од оперативното и финансиското работење на Друштвото.

Од 2008 година е избрана за член на Надзорниот Одбор, а од 2016 година е на чело на Надзорниот Одбор како Претседател на истиот. Функцијата Претседател на Надзорниот Одбор ја врши успешно и професионално, организирајќи ја работата на Надзорниот Одбор, иницирајќи детална дискусија за приходите, расходите, профитабилноста, капиталните инвестиции, како и за тековната ликвидност на Друштвото. Во рамките на своите овластувања делуваше во најдобар интерес на Друштвото, надгледувајќи ја работата на Надзорниот Одбор и беше иницијатор на постапката за оцена на Надзорниот Одбор. Сега и како член на Надзорниот одбор и на една од најголемите банки во земјата, Комерцијална Банка АД Скопје го надополнува своето познавање и го применува стекнатото искуство од областа на финансиското работење во правилното управување и контрола на работењето на Друштвото.

Со својот несебичен ангажман, придонес и посветеност и разбирање на корпоративното управување, Ивана Милковска Симева, а во соработка со останатите членови од Надзорниот Одбор, обезбеди актите да се донесат во транспарентна и документирана постапка, поткрепена со соодветни информации, извештаи и податоци кои беа соодветно и детално анализирани и дискутирани на седниците во текот на 2025 година

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.4 Евалуација на Надзорниот одбор

2. Виолета Божиноска – Член на Надзорен Одбор
Виолета Божиноска е дипломиран правник и од 1997 година ја извршува функцијата на Директор на Секторот за правни, кадрови и општи работи во ГД Гранит АД Скопје, а воедно и повеќе од 2 децении беше член на Управниот Одбор на Друштвото.

Дополнително, беше член и на Надзорниот Одбор на Здружението на правници на Македонија.

Поминувајќи го целиот работен век во правниот сектор во ГД Гранит АД Скопје, Виолета Божиноска е вклучена во секој сегмент од работењето на Друштвото, како дел од тимот што е најзаслужен за одржување на висока позиција на Гранит во градежништвото. Како повеќедецениски практичар на правото има темелни познавања од корпоративното управување и постојано ја следи и дава насоки за усогласување на работењето, како на Надзорниот Одбор, така и на Друштвото со позитивната регулатива.

Виолета Божиноска посвети доволно време и со должно внимание и сериозност ги извршуваше своите обврски кои произлегуваат од надлежностите на членовите на Надзорниот Одбор.

3. Горан Марковски – Независен член на Надзорен Одбор
Горан Марковски беше член на Надзорниот одбор до Мај 2025 година по што поднесе оставка пред одржувањето на новото Собрание на Друштвото. Горан Марковски е магистер по економија и Директор на инвестициски фонд , кој веќе 8 години е член на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје. Согласно точката 2.8 од Кодексот за корпоративно управување, во периодот од 2021 до Мај 2025 година е назначен и за Заменик Претседател на Надзорниот Одбор на Друштвото.

Професионалец од полето на инвестициските фондови, финансиите, банкарското работење, кој е ангажиран и како предавач на обуки за брокери и инвестициски советници и неговото знаење и искуство се од клучно значење за надзорот над финансиското работење на Друштвото и управувањето со имотот.

Горан Марковски беше присутен на сите седници на Надзорниот Одбор одржани до Мај 2025 година, активно учествуваше, даваше сугестии, мислења и предлози и на тој начин во целост ги исполни обврските и одговори професионално на задачите, како член на Надзорниот Одбор.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.4 Евалуација на Надзорниот одбор

4. Александар Стојков – Член на Надзорен Одбор
Александар Стојков е редовен професор на Правниот факултет Јунистијан I на Универзиетот „Св. Кирил и Методиј"- Скопје. Докторирал на Универзитетот Стафордшир во Велика Британија во 2009 година, а во рамките на стипендиската програма, се стекнал и со последипломски сертификат за примена на квантитативни економски методи. Со неговите особени познавања во економските науки бил ангажиран како надворешен консултант на Министерството за финансии, Министерството за економија, Светската банка, , Европската комисија, Развојната програма на Обединетите нации (UNDP), Агенцијата на САД за меѓународен развој и др. Искуството во корпортивното управување го стекнал вршејќи повеќе функции како член на Одборот на директори на „Македонски Телеком" АД Скопје, Управниот одбор на МАПАС, неизвршен надворешен член на Комисијата за хартии од вредност, надворешен член на Советот на Народната банка кое има посебен придонес во анализирањето и препораките кон Управниот одбор на Друштвото. Тој е и активен член на Американската асоцијација на економисти и Асоцијацијата за меѓународна трговија и финансии кои интернационални праткики ги споделува преку своето делување како независен член на Надзорниот одбор. Со изборот во Мај 2025 година како независен член исто така е избран и за Заменик Претседател на Надзорниот обор во ГД Гранит АД Скопје.

Со оглед на своите широки познавања како од областа на правото, економијата и корпоративното управување во целост ги исполни обврските како член на Надзорниот одбор. Како независен член врши независна и објективна оценка на работењето и дава должно внимание и сериозност во извршувањето на своите обврски кои произлегуваат од надлежностите на членовите на Надзорниот Одбор. Членот беше присутен на сите седници на надзорниот одбор од неговото назначување.

Евалуацијата на членовите на Надзорниот одбор има за цел да ја оцени ефективноста на членовите на Надзорниот Одбор и да обезбеди дека Одборот ги исполнува своите цели. Истата има за цел да ја презентира транспарентноста, одговорноста и соодветноста на членовите на Одборот во контекст на нивните должности и одговорности, а се во најдобар интерес на Друштвото и неговите акционери.

Бројот и составот на Надзорниот Одбор обезбедија исполнување на критериумите на независност пропишани со Кодексот за корпоративно управување и го сведоа на минимум ризикот од „групно размислување". Со стекнатото образование од различни области, успешно го следеа и оценуваа работењето на Управниот одбор во 2025 година. Преку широките познавање од областа на локалната и регионалната економија, правна регулатива и градежни оперативни процеси во целост пристапија на задачите со особено разбирање на предизвиците, а со тоа и кон ставовите и контролата за натамошното управување. Сите членови дадоа активен и значителен придонес, дискусиите се одвиваа транспарентно, во присуство на членови на Управниот одбор, каде одлуките и насоките документирано се спроведуваа до надлежните раководни лица.

# Состав, работа и евалуација на Надзорниот одбор во 2025

## 1.4 Евалуација на Надзорниот одбор

Соработката на Надзорниот одбор на сите предвидени нивоа се одвиваше навремено, согласно законските барања и потребите на Друштвото. Во таа насока, членовите на Управниот одбор редовно учествуваа на седниците на Надзорниот одбор. Се разгледуваа извештаите на Службата за внатрешна ревизија и истите се усвојуваа согласно дадените препораки. Дополнително, се разгледуваше извештајот на надворешниот ревизор, кој присуствуваше на соодветната седница, со цел детално да се потврдат податоците од годишната сметка на Друштвото.
На овој начин, членовите на Надзорниот одбор во целост одговорија на потребите на работењето на Друштвото и на предизвиците кои произлегоа од работењето во 2025 година.

Посебни комисии не беа формирани, имајќи ја предвид професионалноста, искуството и стручноста на членовите на Надзорниот одбор. Следењето и контролата на работењето на Друштвото се вршеа директно, преку ангажман на поединечни членови на Надзорниот одбор, кои потоа ги информираа останатите членови за резултатите од спроведените контроли и согледувања.

Во текот на дискусиите не беше утврден судир на интереси, при што сите членови објективно ги изнесуваа своите ставови, а одлуките се носеа едногласно.

Корпоративниот секретар одржуваше континуирана комуникација со членовите на Надзорниот одбор, со цел навремено доставување на материјалите. Во соработка со претседателот на Надзорниот одбор, се грижеше и за навремено свикување на седниците, согласно потребите на работењето.

Надзорниот одбор на ГД Гранит АД Скопје го оценува своето работење во текот на 2025 година како позитивно, имајќи предвид дека работеше во рамките на надлежностите утврдени со Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото и Деловникот за работа на Надзорниот одбор, и во целост ги исполни обврските кои произлегуваат од истите.

Врз основа на извршената евалуација, може да се заклучи дека Надзорниот одбор во текот на 2025 година целосно ги исполни своите обврски и цели, согласно важечките закони, подзаконски акти, Кодексот за корпоративно управување на котираните акционерски друштва на Македонската берза, како и интерните акти на Друштвото.
Поединечните активности на Надзорниот одбор се презентирани во следниот дел.

# 2. НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

## 2.1. Разгледување на квартални извештаи од работењето на Друштвото

Управниот одбор тековно доставуваше до Надзорниот одбор периодични извештаи за работењето на Друштвото, кои содржеа информации за финансиските показатели и управувањето со проектите што ги генерираат резултатите од работењето.
Надзорниот одбор континуирано и детално ги анализираше овие периодични извештаи, како за работењето на Друштвото во целина, така и за проектите поединечно. Притоа, беа согледувани и дискутирани предизвиците, како и мерките и активностите за остварување подобри резултати.

Исто така, беа одржувани состаноци со инвеститори, надзорни инженери, како и со непосредно одговорните лица на проектите, директорите на секторите, организационите и работните единици. Одредени членови на Надзорниот одбор учествуваа на овие состаноци, по што информациите беа споделувани со останатите членови. Преку директно следење и соработка со управувачкиот тим, континуирано се иницираа детални дискусии во однос на ликвидноста, приходите, расходите, профитабилноста и капиталните инвестиции.

Тековно се следеше и работењето на ДООЕЛ-ите основани од Друштвото, при што нивните резултати ги потврдуваа добрите политики на управување. Во зависност од утврдените потреби, препознаени преку анализата на горенаведените извештаи, Надзорниот одбор редовно носеше одлуки, како за Друштвото, така и за ДООЕЛ-ите основани од него.

Друштвото во 2025 година оствари позитивни финансиски резултати, и покрај тоа што работењето беше обременето со непредвидливи пазарни услови на глобално ниво, на кои македонската економија не остана имуна.

Сепак, Друштвото внимателно ги следеше движењата на светскиот и домашниот пазар и успешно се прилагоди на истите, одржувајќи ја својата стабилна позиција.

## 2.2. Контрола на годишните сметки, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на ГД Гранит АД Скопје

Контролата и проверката на Годишната сметка и консолидираната годишна сметка на Друштвото за 2025 година, поединечните и консолидираните финансиски извештаи за 2025 година и Годишниот извештај за работењето во 2025 година потврди дека информациите искажани во истите се објективни и искажани согласно законските прописи и стандардите од финансиската област.

Оттука, Надзорниот Одбор оправдано даде согласност на Одлуката за распределба на добивка, која покрај фактичка финансиска основаност, е и правно основана, односно изготвена согласно критериумите утврдени во Законот за трговските друштва и останатите позитивни законски прописи.

Во однос на предложените материјали и Одлуки за донесување од страна на Собранието на акционери на Друштвото, Надзорниот Одбор истите ги прифати и одобри.

# 2. НАДЗОР НАД РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО

**2.3. Ревизија на Годишната сметка и финансиските извештаи за 2025 година**

Преку разгледувањето на Годишната сметка и финансиските извештаи од извршената ревизија, Надзорниот Одбор ја разгледува успешноста на целокупното работење и управување на Друштвото, усогласеност на истото со законската регулатива. Преку дискусиите и извештаите на надворешниот ревизор се идентификуваат областите каде е неопходно да се фокусира деловната политика и стратешкото одлучување.

Независниот ревизор „Moore Stephens“ Скопје, по извршената ревизија утврди дека посебните и поединечните консолидирани финансиски извештаи ја презентираат веродостојно и објективно, од сите материјални аспекти, консолидираната финансиска состојба на Друштвото заклучно со 31 Декември 2025 година, како и неговата поединечна и консолидирана финансиска успешност и неговите поединечни и консолидирани парични текови за годината која што завршува тогаш во согласност со сметководствените стандарди прифатени во Република Северна Македонија.

Оттука, а имајќи ги во вид наодите и постојаниот надзор кој го остваруваше за целото времетраење на предметниот период, Надзорниот Одбор утврди дека резултатите од работењето одговараат на податоците презентирани во финансиските извештаи, поради што оцени дека ревизијата е успешна и сеопфатно извршена, во согласност со книговодствените евиденции за Друштвото.

Надзорниот Одбор ги препозна и навремените активности на Управниот Одбор, а кои се во насока на навремено идентификување и постојано следење на можните ризици во работењето. Констатираше дека како Управниот Одбор, така и сите надлежни служби успешно се справиле со сите потешкотии и околности кои претставуваат менаџирање со ризик, а кои особено ги засегаат проценката на кредитниот, пазарниот и ликвидносниот ризик, промените во цените и каматните ризици и во таа насока навремено делувале, со цел надминување на можните влијанија врз работењето и профитабилноста на Друштвото.

Дополнително, Управниот Одбор тековно и од блиску ги следел и финансиските резултати на сите Организациони и Работни Единици и секаде каде што препознал дека има потреба, давал насоки и предлагал соодветни мерки, со цел Друштвото да оствари позитивни резултати во работењето.

**2.4. Разгледување на преодни задачи за работа во 2026 година**

Преку Извештаите и Плановите за работа на секој Проект, Надзорниот Одбор ги разгледуваше нивните преодни задачи за 2026 година. Истите, предвидуваат исполнување на плановите и економски раст и услови за иден развој на Друштвото, доколку се стаблизира пазарот од моменталните случувања кои веќе имаат нарушување на синџирот на услуги.

Друштвото за таа цел во 2026 година ќе ги преземе сите мерки и потребни дејствија во насока на оптимизација на работењето и остварување на позитивни резултати.

# 3. СЛУЖБА ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Врз основа на законските обврски кои произлегуваат од Законот за трговските друштва на Р. Северна Македонија, согласно член 415-а, 415-б и 415-в, Надзорниот Одбор одобри и усвои:

- Годишен План за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2026 година;
- Шестмесечен извештај за работата на Службата за внатрешна ревизија за период јануари-јуни 2025 година;
- Годишен извештај за работа на Службата за внатрешна ревизија во 2025 година.

Увидот во горенаведените документи потврди дека Службата врши системски приказ и оценување на управувањето со ризиците во тековното работење на Друштвото и притоа редовно изготвува преглед за мерките и препораките упатени до Секторите, Организационите и Работните Единици во насока на нивна имплементација и зголемена ефективност и ефикасност. Согласно овие заклучоци Надзорниот одбор донесе одлуки со кои го усвои и даде оценка дека Полугодишниот извештај и Годишниот извештај за 2025 година е квалитетно и содржински изработен согласно Законот за трговските друштва.

Дополнително, согласно измените во Законот за трговските друштва, Службата утврди дека доследно и во континуитет Друштвото ги применува и практикува сите начела за корпоративно управување, како што се уредени во Кодексот за корпоративно управување.

На тој начин, Надзорниот Одбор ги идентификуваше областите каде може да се унапреди организациониот процес, како и процесот на контрола и управување, врз основа на што донесе соодветни одлуки и предложи преземање на соодветни мерки и активности за нивно имплементирање.

Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје цени дека Службата за внатрешна ревизија континуирано остварува успешна соработка со Секторите, Службите, Организационите и Работните Единици кои функционираат во рамки на ГД Гранит АД Скопје.



# 4.ЕВАЛУАЦИЈА НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ГД ГРАНИТ АД СКОПЈЕ

Согласно основната функција на Надзорниот одбор − надзор и контрола врз управувањето со Друштвото, со особен осврт на финансиското работење, како и во согласност со препораките од Кодексот за корпоративно управување на Македонската берза за хартии од вредност, Надзорниот одбор во текот на 2025 година вршеше континуиран и систематски надзор врз работењето на Управниот одбор.

Во рамките на овој надзор, Надзорниот одбор спроведе и сеопфатна евалуација на работењето на членовите на Управниот одбор, и колективно и поединечно, при што ги констатираше следните наоди:

Управниот одбор на ГД Гранит АД Скопје е составен од 5 членови, именувани на 12.05.2020 година, со мандат од 6 години, односно до 12.05.2026 година.

Колективно, Управниот одбор е составен од членови со различни образовни профили, професионално искуство и стручност од повеќе области, вклучително градежништво, оперативно управување со проекти, економија и управување со ризици. Ваквата разновидност во знаења, искуства, возраст и професионален бекграунд овозможува сеопфатен и балансиран пристап во раководењето со Друштвото, во согласност со принципите на добро корпоративно управување.

Надзорниот одбор ја оцени работата на Управниот одбор во 2025 година како успешна, како на колективно ниво, така и на ниво на поединечни членови. Беше констатирано дека Управниот одбор демонстрираше високо ниво на компетентност во стратешкото управување, ефикасност во донесувањето на одлуки, како и соодветно лидерство во насочувањето на деловните активности.

Во согласност со Кодексот за корпоративно управување, беше оценето дека Управниот одбор:

- постапуваше совесно, одговорно и во најдобар интерес на Друштвото;
- обезбедуваше транспарентност и навремено информирање кон Надзорниот одбор;
- ефикасно управуваше со ризиците и деловните предизвици;
- обезбедуваше усогласеност со законските прописи, интерните акти и деловните политики;
- придонесе кон одржување на финансиската стабилност и профитабилност на Друштвото.

Секој од членовите, во рамките на својата област на експертиза, даде значаен придонес во унапредување на оперативното работење, реализацијата на проектите и финансиските резултати на Друштвото.

Членовите на Управниот одбор работеа посветено, професионално и во согласност со долгорочните стратешки цели на Друштвото, придржувајќи се кон принципите на интегритет, одговорност и отчетност. Ова резултираше со остварување позитивни финансиски резултати и успешно завршување на деловната 2025 година.

# 5. ПРЕПОРАКИ ОД НАДЗОРНИОТ ОДБОР ДО ГОДИШНОТО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

Согласно Законот за трговските друштва, до Надзорниот одбор беа доставени сите предлог-одлуки за Годишното собрание за 2025 година.

Преку континуираниот увид и надзор над работењето на Друштвото во текот на 2025 година, на Надзорниот одбор му беше овозможено да изврши сеопфатна и ефикасна контрола на предложените одлуки. Врз основа на нивната анализа и оценка, Надзорниот одбор ги констатира следните заклучоци:

1. Годишната сметка е изработена објективно и во согласност со финансиските резултати прикажани во билансот на успех и извештајот за сеопфатна добивка, како и со состојбата на средствата, обврските и капиталот во билансот на состојба, искажани согласно применливите Меѓународни стандарди за финансиско известување (МСФИ) во Република Северна Македонија.
2. Консолидираната годишна сметка е изработена објективно и во согласност со консолидираните финансиски резултати, прикажани во консолидираниот биланс на успех и извештајот за сеопфатна добивка, како и со состојбата на средствата, обврските и капиталот во консолидираниот биланс на состојба, согласно МСФИ.
3. Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2025 година, подготвен од Управниот одбор, објективно и транспарентно ги прикажува резултатите од работењето, деловното опкружување, идентификуваните ризици, како и мерките и активностите преземени во текот на годината.
4. Извештајот на независниот ревизор и посебните и консолидираните финансиски извештаи се изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Ревизорот изрази мислење дека финансиските извештаи вистинито и објективно ја презентираат финансиската состојба на Друштвото, резултатите од работењето и паричните текови за 2025 година.
5. Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија, согласно член 415-а од Законот за трговските друштва, ги опфаќа сите релевантни активности спроведени во 2025 година во однос на законитоста, транспарентноста и ефикасноста на работењето на Друштвото.
6. Предлог-одлуката за распределба на добивката е во согласност со остварените резултати и финансиската состојба на Друштвото.
7. Предлог-одлуката за исплата на дивиденда е оправдана и заснована на остварената добивка и ликвидноста на Друштвото.
8. Предлог-одлуката за измена на Статутот, со цел зајакнување на капацитетите на Друштвото, се поддржува од страна на Надзорниот одбор.
9. Предлог-одлуката за избор на ревизорска куќа се поддржува, имајќи ја предвид професионалноста и досегашната соработка со надворешниот ревизор, при што се предлага повторен избор на истиот.

# 6. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Членовите на Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, во рамките на утврдените надлежности кои произлегуваат од одредбите на Законот за трговски друштва, Статутот на Друштвото, Деловникот за работа и останатите општи акти за остварување на редовната деловна активност на ГД Гранит АД Скопје, во текот на 2024 година активно придонесуваа и учествуваа во донесувањето на одлуки, транспарентно, преку објективна, компетентна и сеопфатна анализа.

И во 2026 година, Надзорниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје останува посветен на стратешките приоритети и деловната политика за развој кои ќе ги утврди Управниот Одбор на ГД Гранит АД Скопје, како и останатите планови за натамошен екомонски раст, успешно исполнување на преземените проекти во 2025 година и надминување на предизвиците со кои се соочува светската економија.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Ивана Милковска Симева - Претседател на Надзорен одбор

Виолета Божиноска - Член на Надзорен одбор

Александар Стојков - Независен член на Надзорен одбор

